**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број:11 – 2379/2
Датум: 12.04.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 07.04.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Џумајска“ бр.21А, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2,заради реализација на нов нисконапонски приклучок за објект на барател Зорица Крстевска.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2 .Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечка трансформаторска станица,продолжува по тротоар од бекатонска подлога од каде што ја поминува ул.„Џумајска“ по пат на попречен прекоп на асфалтната подлога и продолжува по тротоар од бекатонска подлога се до постоечко КРО-Ф3 кое што ќе биде заменето со ново КРО-Ф4 лоцирано пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 80 метри, од кои 74метри по подлога од павер елементи и 6метри попречен прекоп на асфалтна подлога на ул.„Џумајска“ а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 10.478,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 21.240,00денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 31.718,00денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тротоарска подлога од бекатон да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ11.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

---

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*